ОПШТИНА ВЕЛЕС
Одделение за инспекциски надзор

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА ПЕРИОДОТ месец ЈУЛИ - месец ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА

Дел. Бр. 24-253/1

Славица Пересќа
[име и презиме]

Раководител на одделение за инспекциски надзор
[функција / звање на раководител на инспекциска служба]

Датум: 15.01.2026 година

Место: Велес (м.п.)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВЕЛЕС

[потпис]

## РЕЗИМЕ

Врз основана член 35 од Законот за инспекциски надзор („Сл.весник на РСМ“ бр.102/19), а согласно Правилникот за формата и содржината на извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шест месеци и на годишниот извештај за работа на инспекциските служби („Сл.весник на РСМ“ бр.238/19), изработен е овој шестмесечен извештај за периодот ЈУЛИ-ДЕКЕМВРИ 2025 година.

Инспекцискиот надзор во Општина Велес се врши преку Одделението за инспекциски надзор и овластените инспектори на општината. Инспекцискиот надзор се вршеше во секоја област поединечно за која е надлежна општината и за која има овластен инспектор, согласно Законот за инспекциски надзор, како и законите од кои произлегуваат овластувањата за инспекциски надзор на овластените инспектори.

Во изминативе шест месеци инспекцискиот надзор и контрола над субјектите, правни и физички лица се вршеше согласно одредбите од: Законот за градење, Закон за јавна чистота, Закон за комунални дејности, Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Закон за урбаното зеленило, Закон за гробишта и погребални услуги, Закон за управување со отпадот, Закон за превоз во патниот сообраќај, Закон за основното образование, Закон за средното образование, Закон за стручно образование и обука, Закон за образование на возрасните, Закон за Бирото за развој на образованието, Закон за ученички стандард, Закон за заштита на децата, Закон за просветната инспекција, Законот за даноците на имот, Законот за комуналните такси, Законот за таксата за привремен престој, Закон за домување, Закон за инспекциски надзор, Закон за општата управна постапка, Закон за постапување по предлози и претставки, Закон за локална самоуправа, Закон за администрација, Закон за меѓуопштинска соработка и подзаконски акти донесени од надлежните министерства и Советот на Општина Велес.

При вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторите постапуваат согласно Уставот, законите и други прописи донесени согласно закон. Инспекторите го вршат инспекцискиот надзор со цел за остварување и заштита на јавниот интерес, како и интересот на физичките и правните лица кога тоа е во согласност со јавниот интерес. Инспекторите во вршењето на инспекцискиот надзор обезбедуваат еднаква, законита, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи. Инспекцискиот надзор го вршат во пропишаните рокови во првостепената и второстепената постапка, како и во роковите определени од судските органи. Инспекторите се самостојни при вршење на инспекцискиот надзор и одлучувањето за дејствијата кои треба да се превземат при вршење на надзорот, како и за мерките кои ќе бидат изречени по извршениот надзор. При вршење на инспекцискиот надзор, доколку постојат недостатоци, инспекторите ги превземаат само оние инспекциски мерки согласно со закон, кои се неопходни за отстранување на утврдените недостатоци при извршениот надзор, при што особено се внимава да не се попречува ефикасното функционирање на субјектот на надзорот. Инспекторите по службена должност ја утврдуваа фактичката состојба и изведуваа докази во постапката на инспекцискиот надзор. При определување на инспекциските мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци, инспекторите се водеа од тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на надзорот да ги отстрани утврдените недостатоци. При вршење на инспекцискиот надзор каде што е тоа можно, инспекторите првенствено вршеа превентивна функција, а изрекуваа инспекциски мерки и санкции тогаш кога со превентивната функција не можеше да се обезбеди целта на надзорот.

## УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Основна задача на Одделението за инспекциски надзор при Општина Велес е да ги идентификува субјектите кои при вршењето на дејностите не се придржуваат кон законската регулатива и врз основа на тоа да изрекува мерки со кои би се одстраниле недостатоците и штетните последици.

Со оглед на тоа што во Одделението за инспекциски надзор има различни инспекции кои вршат надзор во 6 различни области, јасно е дека кај секоја инспекција е различна проценката на ризик, како и превземањето на потребните мерки да се надминуваат ризиците.

Менаџирањето со ризици значи насочување на ресурсите на инспекцијата онаму каде ризикот за сериозни неправилности е најголем, користејќи потребно ниво на интервенција за да се обезбеди усогласеност. Ефективните принципи на менаџирање со ризици бараат прибирање и пристап до релевантни податоци, определување на ризикот врз основа на тие податоци и фокусирање на инспекциските активности кон најголемите ризици кои ќе се идентификуваат.

Управувањето со ризици овозможува: донесување на поквалитетни одлуки, подобро предвидување и оптимизирање на расположливите средства и ресурси, согледување на приоритетите и избегнување на идните проблеми кои можат да се појават при реализација на поставените цели.

Целта на управувањето со ризик е да ги доведе ризиците во одделението за инспекциски надзор на прифатливо ниво со спроведување на мерки кои ќе ја ублажат веројатноста за настанување на ризикот и влијанието на реализацијата на ризик.

Проценката на ризик за вршење инспекциски надзор кај субјектите на надзор сеуште не е добро дефинирана во различните области на инспекцискиот надзор и ќе биде потребна подолготрајна анализа на субјектите за да се одреди нивото на ризик (високо, средно и ниско), иако ова не е задолжително за инспекторатите кои се дел од локалната самоуправа, согласно Законот за инспекциски надзор. Сепак од некои предходни анализи, зачестеноста на инспекциските надзори беа планирани и реализирани врз основа на утврдено ниво на ризик (ниско, средно, високо) на субјектот на надзорот.

Во работењето на одделението за инспекциски надзор како заеднички ризик за сите инспекции го нотираме и ризикот за уредна, односно неуредна достава и тоа: на известувањата за вршење на инспекциски надзор (најмногу кај физичките лица), како и поканите за странки за вршење на инспекциски надзор (кај физички лица). Ова е од причина што странките или не го подигнуваа писменото од Пошта или пак одбиваа лично да го примат известувањето/поканата. Но сепак од страна на инспекторите беа вложувани напори за реализација на уредна достава, согласно Законот за општата управна постапка и Законот за инспекциски надзор. Ова сето имаше влијание на одолговлечување на инспекциските постапки. Тука како ризик можеме да го спомнеме и неусогласеноста на дел од материјалните закони по кои постапуваат овластените инспектори, со Законот за прекршоци и Законот за инспекциски надзор.

## ОРГАНИЗАЦИЈА И РАКОВОДЕЊЕ

Согласно Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација во Општина Велес, инспекциската служба е организирана како Одделение за инспекциски надзор и тоа:

- Раководител на одделението – виш овластен инспектор за патен сообраќај
- Советник овластен инспектор за патен сообраќај – 1 извршител
- Советник овластен инспектор за патишта – 1 извршител
- Советник овластен комунален инспектор – 1 извршител
- Советник овластен инспектор за утврдување на наплата на данок – 2 извршители
- Советник овластен градежен инспектор – 2 извршители
- Советник овластен инспектор за животна средина – 1 извршител
- Советник овластен просветен инспектор – 1 извршител
- Советник овластен инспектор за домување – 1 извршител.

Во состав на одделението за инспекциски надзор се предвидени и следните административни службеници:

- Помлад соработник за правни работи – 1 извршител
- Комунални редари – 3 извршители.

Во одделението за инспекциски надзор согласно Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација во Општина Велес, непополнети се следните работни места: советник овластен инспектор за патен сообраќај, советник овластен овластен инспектор за животна средина и помлад сорботник за првни работи. Исто така работното место за комунален редар е пополнето со 3 извршители, но двајца од нив не работат како комунални редари туку имаат добиено други работни задачи кои ги извршуваат во други одделенија во општината.

Од 1ви јануари 2025 годна во одделението за инспекциски надзор започна практичната работа и обука на работо место за стекнување со лиценца за инспектор за патишта под надзор на менторот Славица Переска. Истиот треба да се стекне со лиценца за општински инспектор за патишта до крајот на 2025 година.

Според тоа во одделението за инспекциски надзор при Општина Велес, инспекциски надзор се врши во шест области, од која во една врши само раководителот на одделението.

Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор *во полугодието*, по вид, возраст и звање

| Вид | Инспектор за патен сообраќај | | | | | | Комунален инспектор | | | | | | Градежен инспектор | | | | | | Просветен инспектор | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б2 – главен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б4 – виш инспектор | | | | 1 | | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| В1 – советник инспектор | | | | | | | | | | 1 | | 1 | | | | | 2 | 2 | | | | 1 | | 1 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| В3 – помошник инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| В4 – помлад инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | **0** | **0** | **0** | **1** | **0** | **1** | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | **0** | **0** | **0** | **0** | **2** | **2** | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |

Табела 2 Преглед на бројот на инспектори кои врш*еле* инспекциски надзор *во полугодието*, по вид, возраст и звање

| Вид | Инспектор за утврдување на наплата на даноци | | | | | | Инспектор за домување | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| В1 – советник инспектор | | 1 | | | | 1 | | | 1 | | | 1 | 0 | 1 | 1 | 2 | 2 | 6 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | **0** | **1** | **0** | **0** | **0** | **1** | | | **1** | | | **1** | **0** | **1** | **1** | **3** | **2** | **7** |

Табела 3 Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во полугодието

| Вид | Инспектор за животна средина | | | Инспектор за утврдување на наплата на даноци | | | | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. глав. инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | 1 | 0 | 1 | | 1 | 1 | | | 0 | 1 | 1 | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |

# ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Во овој дел даден е приказ на извршените инспекциски надзори за секоја област – овластен инспектор, поединечно. Табелата за шестмесечен извештај која произлегува од Правилникот за формата и содржината на извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шест месеци и на годишниот извештај за работа на инспекциските служби („Сл.весник на РСМ“ бр.238/19), е модифицирана од наша страна, бидејќи истата не одговара за инспекторатите кои се во состав на Единиците на локалната самоуправа.

## 1. Инспекција за патен сообраќај

Појдовна основа за вршење на инспекциски надзор во оваа област е Законот за превоз во патниот сообраќај, како и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

Инспекцискиот надзор во оваа област го вршеше единствено раководителот на одделението за инспекциски надзор, кој согласно член 58 став 3 точка 4 од Законот за инспекциски надзор должен е да врши инспекциски надзор 35% од месечното работно време.

Согласно горе наведениот закон, инспекторот за патен сообраќај од Одделението за инспекциски надзор во второто полугодие на 2025 година, вршеше инспекциски надзор над:

- Превозниците кои вршат авто-такси превоз на територија на Општина Велес;
- Превозници кои вршат општински линиски превоз на патници; и
- Превозници кои вршат посебен линиски превоз на патници.

Инспекторот за патен сообраќај во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со законот, континуирано соработуваше со сите одделенија и сектори во Општина Велес и органите на државно ниво, пред сѐ со МВР-СВР Велес и Државниот инспекторат за транспорт.

Датумите предвидени за редовен надзор на превозот, а кој се врши на улиците и такси постојките, утврдени во месечните планови за работа, континуирано претрпуваа измени затоа што инспекцискиот надзор над превозот се врши во присуство на полициски службеници од ПС за БПС при СВР Велес (запирање и контрола на возилата и возачите се врши од страна на полициски службеник согласно Законот за безбедност во патниот сообраќај). Во зависност од активностите и расположивите човечки ресурси на ПС за БПС при СВР Велес се реализираше вршењето на редовен и вонреден инспекциски надзор над превозот. Во ова полугодие инспекторот беше вклучен и во дел од акциските контроли на јавниот превоз кои ги организираше СВР Велес.

Табела 3.1. Преглед на вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во второто полугодие во 2025 година

| Реден бр. | Општина Велес 1 извршител - Раководител на одд.за инспекциски надзор | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Инспектор за патен сообраќај | 59 | 0 | 1 | 60 | 57 |

Врз основа на извршените инспекциски надзори и утврдените неправилности, од страна на инспекторот за патен сообраќај донесени се 3 решенија со задолжување, , изготвени се 54 предлози за порамнувања со издавање на прекршочен налог, поведени се 49 прекршочни постапки пред Комисија за прекршоци при Министерството за транспорт. Од изготвени 54 предлози за порамнувања со издавање на прекршочен налог, глобата во законски утврдениот

рок ја платиле 5 прекршители, односно 9% од вкупниот број на поведените постапки за порамнување.

Во изминатото полугодие раководителот на одделението за инспекциски надзор покрај задачите кои произлегуваат од ЗИН, работеше на активности поврзани со сообраќајот во општината, подготовка на преписки и дописи поврзани со инспекцискиот надзор во сите области, прием на странки за инспекциски надзор во сите области, како и странки поврзани со работите од превозот во патниот сообраќај, учество и работа во разни комисии.

## 2. Комунална инспекција

### 2.1 Комунален инспектор

Појдовна основа за вршење на инспекциски надзор во оваа област се следните прописи: Закон за комунални дејности, Закон за јавна чистота, Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Закон за гробишта и погребални услуги, Закон за зеленило, Закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти, Закон за управување со пакување со пакување и отпад од пакување, како и подзаконските акти произлезени од овие закони.

Согласно горе наведените закони, комуналниот инспектор од Одделението за инспекциски надзор, во второто полугодие на 2025 година, вршеше инспекциски надзор над Јавното комунално претпријатие и над физички и правни лица и тоа:

- одржување на јавната чистота на јавни и сообраќајни површини (миење и метење на јавни површини согласно Годишната Програма за одржување на јавна чистота на давател на услуга ЈКП Дервен);
- одржување на јавно зеленило и паркови согласно со Годишната Програма за одржување на јавни и зелени површини (на давател на услугата ЈКП Дервен);
- одржување на јавни површини на отворени простори;
- одржување на водоснабдителен систем со вода за пиење од страна на давателот на услугата ЈКП Дервен;
- одржување на канализациониот систем од страна на давателот на услугата ЈКП Дервен;
- управување и одржување на градски гробишта од страна на давателот на услугата ЈКП Дервен;
- вршење на погребални услуги од страна на правни лица со добиена дозвола за вршење на погребални услуги;
- одржување на Градските пазари од страна на ЈП Пазари како давател на услуга;
- неконтролирано оставање, фрлање напуштање спалување на отпадот од страна на правни и физички лица;
- инспекциски надзор над физичките и правни лица како корисници на комуналните услуги;
- вршење инспекциски надзор по добиени писмени и усни иницијативи за инспекциски надзор од физички и правни лица.

Комуналниот инспектор во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со законот, континуирано соработуваше со сите одделенија и сектори во Општина Велес и органите на државно ниво, пред сè со МВР-СВР Велес.

Табела 3.2. Преглед на вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во второто полугодие во 2025 година

| Реден бр. | Општина Велес 1 извршител | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Комунален инспектор | 14 | 57 | 7 | 78 | 42 |

Врз основа на извршените инспекциски надзори и утврдените неправилности, од страна на комуналниот инспектор донесени се 4 решенија, даден е предлог за порамнување со издавање на прекршочен налог со изрекување на глоба во 38 извршени надзори, поднесени се 11 Барања за прекршочна постапка до надлежен суд и надлежен прекршочен орган. Од изготвени 38 предлози за порамнувања со издавање на прекршочен налог, глобата ја платиле 15 прекршители, односно 39% од понудените постапки за порамнување.

**2.2. Комунални редари**

Појдовна основа за вршење на контрола од страна на комуналните редари во второто полугодие од 2025 година се следниве прописи: Закон за комунални дејности, Закон за јавната чистота, Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес, Одлука за јавната чистота во Општина Велес и други законски и подзаконски акти, како и измени и дополнувања на наведените.

Во тек на ова полугодие иако бројот на комунални редари е 3 извршители сепак контролата се вршеше само со 1 комунален редар, заради тоа што на останатите комунални редари и понатака им беа доделени други работни задачи во Општина Велес.

**3. Градежна инспекција**

Појдовна основа за вршење инспекциски надзор во оваа област е Законот за градење, како и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

Согласно горе наведените прописи, градежните инспектори од Одделението за инспекциски надзор, во второто полугодие на 2025 година, вршеа најмногу вонредни инспекциски надзори по пристигнатите иницијативи за инспекциски надзор од правни и физички лица, наредби од Градоначалник, како и по барање на други државни органи (ДИГУ, МВР, ОЈО, ДП).

Градежните инспектори во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со законот, континуирано соработуваа со сите одделенија и сектори во Општина Велес, а по потреба и органите на државно ниво.

Табела 3.3. Преглед на вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во второто полугодие во 2025 година во Општина Велес

| Реден бр. | Општина Велес 2 извршители | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Градежен инспектор | 22 | 54 | 14 | 90 | 42 |

Врз основа на извршените инспекциски надзори и утврдените неправилности констатирани во Општина Велес, од страна на граджните инспектори донесени се 42 решенија,

9 заклучоци за дозвола за извршување. За 6 решенија поведена е жалбена постапка пред повисок орган.

И во ова полугодие градежната инспекција се соочуваше со недостаток на човечки ресурси за функционирање на оваа инспекција и навремено на водење и завршување на инспекциските постапки. Согласно Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација во Општина Велес, предвидени се 2 извршители – овластени градежни инспектори. Анализирајќи го бројот на пристигнати Иницијативи за вршење на инспекциски надзор за градежна инспекција во изминатиот период од неколку години наназад, како и бројот на: одобренија за градење, за реконструкција, Решенија од Градоначалник за градби за кои не е потребно одобрение, Дозволи за поставување на урбана опрема, понатаму голем број на жалби по донесено Решение и Заклучок за дозвола за извршување, Одлуки на второстепен орган или Управен суд за поништување на првостепено Решение или Заклучок за дозвола за извршување и враќање на постапката на повторно одлучување, констатирано е дека има премногу обврски за 2 извршители – овластени градежни инспектори. Од сето ова произлегува дека 2 овластени градежни инспектори треба да вршат континуирано редовен инспекциски надзор над одобренијата и решенијата издадени од надлежен орган на Општина Велес, потоа вонреден надзор по иницијативи за инспекциски надзор (кои се во многу голем број), како и контролни надзори по издадени решенија од нивна страна и започнување на повторни инспекциски постапки по поништување на решенијата од повисоки органи, врз основа на жалбена постапка. Покрај сите овие обврски по предметите кои ги водат и би требало да водат овластените градежни инспектори за територија на Општина Велес, тие согласно договорот за меѓуопштинска соработка со Општина Градско, вршат инспекциски надзор и водат инспекциски постапки и за оваа општина. Ова дополнително влијае на обемноста на работните задачи на овластените градежни инспектори. **Поради сето ова на мислење сме дека треба да има промена на систематизацијата со зголемување на бројот на извршители – овластени градежни инспектори (минимум 3).**

Исто така во изминатото полугодие повеќе пати овластените градежни инспектори беа повикувани на распит во Основното јавно обвинителство за предмети од инспекциска постапка, водена од нивна страна.

Во тек на ова полугодие едниот градежен инспектор е назначен за член на Комисијата за објекти склони кон паѓање, со што неговите работни задачи и активности се зголемуваат, а истите не се поврзани со инспекцискиот надзор.

## 4. Просветна инспекција

Појдовна основа за вршење инспекциски надзор во оваа област се: Законот за просветна инспекција, Закон за основното образование, Закон за средното образование, Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, Закон за ученички стандард, Закон за заштита на децата, како и подзаконските акти донесени врз основа на овие закони.

Согласно горе наведените закони, овластениот просветен инспектор од Одделението за инспекциски надзор при Општина Велес, во второто полугодие од 2025 година вршеше инспекциски надзор над:

- Законското работење во општинските основни училишта;
- Законското работење во општинските средни училишта;
- Законското работење во општинската јавна установа за деца;
- Законското работење во општинскиот ученички дом;
- По претставки и иницијативи за инспекциски надзор од правни и физички лица.

Овластениот просветен инспектор во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со законите, континуирано соработува со сите одделенија и сектори во Општина Велес и органите на државно ниво, пред сè со Министерство за образование и наука, Биро за развој на

образованието, Дражавен просветен инспекторат, Дражавен испитен центар и други надлежни институции.

Табела 3.4. Преглед на вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во второто полугодие во 2025 година

| Реден бр. | Општина Велес 1 извршител - овластен просветен инспектор | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | овластен просветен инспектор | 23 | 14 | 7 | 44 | 6 |

Врз основа на извршените инспекциски надзори и утврдените неправилности, од страна на просветниот инспектор донесени се 3 решења за отстранување на недостатоци.

Исто така при вршење на инспекциските надзори, во случаи кога се констатирани определни неправилности за кои нема прекршочни одредби од страна на просветниот инспектор на директорите на општинските училишта им беа дадени укажувања за постапување согласно пропишаните законски одредби, како и доставено известување до Градоначалник на Општина Велес.

## 5. Инспекција за утврдување на наплата на даноци

Појдовна основа за вршење инспекциски надзор во оваа област се следните прописи: Законот за даноците на имот, Законот за комуналните, Законот за таксата за привремен престој, како и други подзаконските акти произлезени од овие закони.

Согласно горе наведените закони, инспекторот за утврдување на наплата на данок од Одделението за инспекциски надзор, во второто полугодие на 2025 година, вршеше инспекциски надзор над:

- данок на имот;
- данок на промет;
- данок на наследство и подарок;
- комунални такси;
- такса за престој. т.е. надзор над утврдувањето и наплатата на даноците на имот, комунална такса и др приходи на општината со задача да врши проверка на состојбата на недвижниот имот преку правилно задолжување со даноци на имот и комуналните такси и нивно плаќање;
- контрола кај даночните обврзници во делот на пријавување во општинската база на податоци како даночни обврзници;
- контрола кај даночните обврзници во делот на плаќањето на даночните долгови - комунални такси.

Инспекторот во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со законите, континуирано соработува со сите одделенија и сектори во Општина Велес и органите на државно ниво, пред сè со МВР-СВР Велес, Министерство за правда и др.

Табела 3.5. Преглед на вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во второто полугодие во 2025 година

| Реден бр. | Општина Велес 1 извршител | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Овластен инспектор за утврдување на наплата на данок | 8 | 6 | 8 | 22 | 9 |

Врз основа на извршените инспекциски надзори и утврдените неправилности, од страна на инспекторот за утврдување на наплата на даноци донесени се 9 решенија за отстранување на недостатоци.

### 6. Инспекција за домување

Појдовна основа за вршење инспекциски надзор во оваа област е Законот за домување, како и подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон.

Согласно горе наведениот закон, инспекторот за домување од Одделението за инспекциски надзор во второто полугодие на 2025 година, вршеше инспекциски надзор над управувањето со стабените заедници и тоа преку:

- Управителите,
- Претседателите на стамбените заедници, и
- Физички лица кога се работеше за посебни делови во зградата.

Инспекторот во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со прописите, континуирано соработуваше со сите одделенија и сектори во Општина Велес, како и органите на државно ниво.

Табела 3.6. Преглед на вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во второто полугодие во 2025 година

| Реден бр. | Општина Велес 1 извршител | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Советник инспектор за домување | 16 | 7 | 16 | 39 | 16 |

Врз основа на извршените инспекциски надзори и утврдените неправилности, од страна на инспекторот за домување донесени се 16 решенија за отстранување на неправилностите, поднесено е 1 барање за поведување на прекршочна постапка врз основа на констатирани неправилности при вршење на инспекциски надзор.

### 7. Инспекција за животна средина

Во оваа област не се вршеше инспекциски надзор заради непополнетост на местото за овластен инспектор за животна средина.

### 8. Инспекција за патишта

Инспекциски надзор во инспекција за патишта во изминатото полугодие не се вршеше од причина што во Општина Велес бидејќи кандидатот за инспектор за патишта сеуште беше под менторска обука.

**Табела 3.7. Преглед на вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во второто полугодие во 2025 година, во сите области вкупно**

| Реден бр. | Општина Велес | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | 7 извршители | 142 | 138 | 54 | 334 | 172 |

## ОБУКА НА ИНСПЕКТОРИТЕ И АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Во изминатото полугодие се реализираа обуки во одделението за инспекциски надзор, согласно Годишниот план за индивидуално стручно усовршување и обука на инспекторите. Секој инспектор помина 3 генерички обуки.

## БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

За спроведување Планот за работа на Одделението за инспекциски надзор потребните финансиски средства беа обезбедени од Буџетот на Општина Велес за 2025 година.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во изминатото полугодие Одделението за инспекциски надзор во Општина Велес нема реализирано меѓународна соработка.

## ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА ИНСПЕКЦИСКАТА СЛУЖБА

Покрај вршењето на инспекцискиот надзор, дел од овластените инспектори беа ангажирани и за други работни задачи и активности за потребите на општината (стручна помош за изработка на одлуки за совет, како и во одделенијата во општината секој во соодветната област, учество во разни комисии формирани од Градоначалникот и Секретарот на општината, застапување пред судските органи и др.).

Во изминатото полугодие секој од овластените инспектори изработуваше предлог месечен план за работа, месечен извештај за работа, како и се продолжи со водењето на инспекциската евиденција во електронска форма.

По барање на Градоначалник од 14.09.2023 година, се доставува месечен извештај до него и до Секретарот на општината, за оформени предмети со статус за секој инспектор поединечно.

Во изминатиот период овластените инспектори имаа добра континуирана соработка со СВР Велес, Државните инспкторати, Државниот испитен центар, Бирото за развој на образованието и сл.

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Најголем проблем во одделението и воопшто во инспекциска служба на Општина Велес како што и предходно е напоменато, е недостатокот на човечки ресурси. Затоа во наредниот период потребно е што е можно поскоро од страна на општината да се превземат мерки за пополнување на празните места за инспектор за животна средина, инспектор за патен сообраќај, како и помлад соработник за правни работи. Исто така потребно е што поскоро да се промени

Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација во Општина Велес во кој ќе се зголеми бројот на градежните инспектори (по сите анализи од предходните години потребни се минимум 3 градежни инспектори), а на мислење сме дека треба да се зголеми и бројот на комунални инспектори, односно да се планираат 2 извршители. Исто така потребно е и останатите 2 комунални редари да се вратат на своите работни задачи согласно систематизацијата на општината. Ова е со цел да се забрзаат инспекциските постапки, контролата на јавната чистота и комуналниот ред, а да се зголеми обемот на редовен инспекциски надзор во овие области. Понатаму, неопходно е во Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација во Општина Велес да се сменат условите кои треба да ги исполнува кандидатот за овластен инспектор согласно член 40 од Законот за инспекциски надзор.

Како можен проблем во скора иднина би бил и заминувањето на повеќето инспектори во пензија заради тоа што просечната старост на инспектор во одделението е 57 години. Поради ова треба да се размислува за промена на систематизацијата за одделението и истото можеби треба да прерасне во сектор инспекторат, каде би имало предвидено и работни места за помлад инспектор во секоја област каде се врши инспекциски надзор. Односно местото за помлад инспектор би се пополнило две години пред инспекторт да оди во пензија, и во тој временски период помладиот инспектор би бил под менсторство од 1 година, би полагал за лиценца за инспектор и една година потоа би работел заедно со инспекторот советник и би црпел искуства од него.

Согласно член 56, 57 и 58 од Законот за инспекциски надзор се воведува учинок на инспекторот врз основа на кој се врши и оценување на инспекторите. Учинокот односно оценувањето на инспекторите се состои од 3 компоненти и тоа: реализација на годишниот план за работа, други цели и задачи и реализација на годишниот план за стручно усовршување и обука. Другите работни цели и задачи на инспекторите треба да бидат дефинирани во актот за систематизацијата, па заради тоа потребно е да се направи измена на актот за систематизација со внесување на конкретни работни цели и задачи за секој овластен инспектор поединечно.

Во изминатото полугодие овластените инспектори наидоа на голем проблем при вршењето на инспекцискиот надзор поради неусогласенот на материјалните закони по кои се овластени да вршат инспекциски надзор и да изрекуваат инспекциски мерки и Законот за инспекциски надзор и Законот за прекршоците. Ова се однесува на: висината на глобите предвидени во материјалните закони кои во повеќето случаи не се во согласност со глобите во Законот за прекршоците, спроведувањето на постапката за едукација која е пропишана во дел од материјалните закони, а не е во согласност со Законот за инспекциски надзор и Законот за прекршоци, понатаму немање можност од страна на просветен инспектор по започната постапка согасно Законот за основно образование да води прекршочна постапка, како и изрекување на инспекциска мерка Решение – опомена која е предвидена во Законот за инспекциски надзор, а не е предвидена во повеќето материјални закони.